Република Македонија

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите

---

# З А П И С Н И К

од Четвртата седница на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите одржана на 04.10.2018 година

Скопје, октомври 2018 година

# ЗАПИСНИК

од Четвртата седница на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите одржана на 04.10.2018 година

Седницата започна во 13:00 часот.

Со седницата претседаваше координаторката на Интер ресорска група, Јована Тренчевска .

На седницата присуствуваа: Даниела Хаџидимова Јованова – член од МТСП, Славица Михајловска - член од МЗШВ, Сумејра Сали- зам.член од МВР, Бранка Минчева Коцевска – член од МИОА, Виолета Куновска – член од МО, Сузана Никодијевиќ Филиповска – член од ГС, Марија Савовска – член од Платформа за родова еднаквост, Даниела Димитриевска – член од Македонско женско лоби, Анета Петровска Русомароски – член од Организација на работодавачи на Македонија, Дијана Стојановиќ- експерт.

На седницата отсуствуваа: Нермина Факовиќ, Даниела Јаневска, Јорданка Богатиновска, Мирјана Најчевска, Ленче Алексовска – Величковска, Маринела Маричиќ Тушева, оправдано отсутни Фатиме Хоџа, Драгана Дрндаревска, Елизабета Гелевска, Дивна Змејковска, Ирена Николова, Спасена Ивановска, Киро Цветков, Неда Малеска Сачмароска и Марина Узунов.

*

* *

На почетокот на седницата се установи дека нема кворум за работа на групата. Согласно Деловникот за работа се одлучи да се разгледуваат документите без одлучување. Се разви дискусија како Интересорската група да стане поефикасна за она за што е формирана согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите. Од страна на Марија Савовска беше предложено да се даде предлог до Владата на РМ за распуштање на ова тело заради нефункционалност и

маргинализација, односно неможност да ја остварува основната функција пропишана со Законот за еднакви можности на жените и мажите. Притоа, освен кворумот како предизвик беше посочено недоволното следење на тематските прашања предвидени со програмата за 2018, заради отсуство на основни информации за работата и плановите на институциите преставени во телото. Исто така, во прилог на предлогот беше посочено дека телото во една година од именувањето на новиот состав не дало ниту една препорака, совет или иницијатива до Владата. Овој предлог не беше прифатен од присутните по што се разви дискусија како Интересорската група да стане поефикасна за она за што е формирана согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Бидејќи во континуитет Интер ресорската група се сочуваа со тешкотии за обезбедување кворум на работа беше донесен заклучок :

- Министерството за труд и социјална политика, кое ја координира работата на Интер ресорската група, да подготви информација за работата на ИРГ до Владата, како и да се задолжат министерствата кои имаа свои членови во ИРГ сериозно да пристапат кон работата и присуство на седниците на ИРГ која има надлежност да го вклучи концептот на родова еднаквост во генералните политики на сите јавни институции, да го следи напредокот на усогласување на националното законодавство со законодавството со ЕУ и со европските стандарди за родовите прашања, како и да ја следи интеграцијата на родовата перспектива во секторските политики, со цел ова тело формирано од Владата на РМ поефикасно да работи.
- Да се пристапи кон промена на членот 15 од Деловникот за работа на Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите со цел непречено работење и реализирање на активностите, да се работи полноважно со 1/3 од бројот на членовите на ИРГ а одлуките да се носат со прифаќање на истите од страна на половина од присутните.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите го утврди следниов:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од Третата седница на Интер-ресорската група, одржана на 10.4.2018 година.
2. Годишен извештај за преземени активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во РМ за 2017 , со препораки за 2019 година, усвоен од Владата на седницата одржана на 29.8.2018 година (за информирање).
3. Предлог-Методологија за родова проценка на секторските политики и оценувања на родовата интеграција во политиките, мерките и активностите преку употреба на родовите показатели и Прирачник за чекорите и пристапите за примена на родово одговорно буџетирање.
4. Предлог - Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2013- 2020 за 2017 година
5. Дефинирање на приоритетите за 2019 година и клучни активности поврзани со унапредување на еднаквите можности на жените и мажите .
6. Разно

*

* *

Интер ресорската група го усвои записникот од Третата седница, одржана на 10.04.2018 година, дополнет со коментарите на Марија Савовска и Бранка Минчева Коцевска. Се прифати предлогот во рок од 7 дена од одржување на седницата на ИРГ да се достави нацрт-записникот до членовите. Членовите на ИРГ се договорија при составување на записникот да се следи структурата на составување на записници од Влада на РМ.

По одделните точки од Дневниот ред, Интер ресорската група ги донесе следните заклучоци:

*

* *

Точка 1

Интер ресорската група се информираше за Годишниот извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, со препораки за 2019 година, разгледан од Владата на 85-та седница, одржана на 29.8.2018 година.

Координаторката на ИРГ Јована Тренчевска информираше за Годишниот извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите кој е резултат на добиените извештаи од органите на државна управа и единиците на локална самоуправа. Овој извештај до Владата се доставува во јуни тековната година за активности од претходната година.

Координаторката на Интересорската група отвори дискусија по оваа точка.

Во однос на оваа информација Марија Савовска се осврна на структурата и недоволниот квалитет на Извештајот и побара информација за причините за тоа. Исто така побара негово разгледување од Интересорската група пред да се достави до Владата, заради утврдување на предлог заклучоците и препораките кои треба да бидат усвоени од Владата. Јована Тренчевска посочи дека МТСП како изготвувач на информацијата која се доставува до Владата, ја темели содржината врз основа на она што ќе се достави како информација од координаторите и нема овластување да врши корекции во доставените извештаи кои ги доставуваат институциите.

Координаторката во однос оваа точка даде предлог да се формира работна група чија цел ќе биде да се изработи Упатство за пополнување на Образецот за

подготвување на Годишен извештај за преземени активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во РМ за да се дадат насоки за поефикасно информирање по резултати за напредокот на еднаквите можности. Работната група ја сочинуваат: Даниела Димитриевска, Марија Савовска и Дијана Стојановиќ – Ѓорѓевиќ и претставници од секторот за еднакви можности од МТСП.

Во врска со известувањето, Марија Савовска посочи на потребата од воедначување и усогласување на различните процеси на известување за унапредување на родовата еднаквост, со оглед на новите упатства за годишно планирање и известување на институциите. Исто така посочи на потребата од измени на ЗЕМЖМ кои ќе обезбедат ефикасни процеси на планирање и информирање за родовата еднаквост од институциите и нивно усогласување со реформите во јавната администрација и финансии, имајки ја предвид улогата на машинеријата како помошна структура.

По оваа точка за дискусија збор зема Сузана Никодијевиќ –Филиповска која се осврна на предлогот овој извештај да се интегрира со извештаите за спроведување на стратешките планови и посочи дека се работи за два различни процеси.

Во однос на оваа точка за дискусија даде свое мислење Даниела Димитриевска која ја поддржаа дискусијата за квалитетно информирање за напредокот на еднаквите можности на жените и мажите по резултати. Дијана Стојановиќ Ѓорѓевиќ се надоврза на оваа дискусија напоменувајќи го и значењето за жената во руралната средина.

Заклучок:

Се формира работна група за подготовка на Упатство за поефикасно известување по резултати за напредокот на еднаквите можности, во состав: Даниела Димитриевска, Марија Савовска и Дијана Стојановиќ – Ѓорѓевиќ и

претставници од Секторот за еднакви можности од МТСП. Работната група треба да го подготви упатството најкасно за два месеци.

Точка 2

Интер ресорската група го одложи разгледувањето на Предлог-Методологијата за родова проценка на секторските политики и оценувања на родовата интеграција во политиките, мерките и активностите преку употреба на родовите показатели со образложение дека ова прашање треба да се отвори кога ќе се донесе новиот Закон за буџети и новата Методологија за стратешко планирање .

Писмените коментари на членовите на Интер ресорската, а кои упатуваат на сериозни недостатоци во предложената методологија. да се достават до експертот кој ја подготвува Предлог Методологијата за родова проценка на секторските политики и оценувања на родовата интеграција на политиките, мерките и активностите преку употреба на родовите показатели.

Точка 3

Членовите на Интер ресорската група ја разгледаа првичната верзија на Годишниот извештај за Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020. Покрај забелешките кои се однесуваат на содржината и временската рамка за усвојување на Годишниот извештај за Стратегијата 2013-2020 година се донесе Заклучок:

- Членовите на ИРГ да достават забелешки во писмена форма за Годишниот извештај за стратегијата до Секторот за еднакви можности– МТСП кој го подготвува овој извештај. Рок да се стави до кога да се достават забелешки. Мислам дека дискутиравме најдоцна до 24октомври.

Точка 4

Членовите на Интерресорската група пристапија кон разгледување на приоритетите за 2019 година и клучни активности поврзани со унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Координаторката оцени дека инкорпорирање на еднаквите можности во стратешките планови е важно за родовата еднаквост. Заради тоа, предложи МТСП да достави допис – кратко инфо до сите министерства како своите стратешки планови да ги донесат врз основа на новото Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратетшкиот плани годишниот план за работа, каде што принципот на еднакви можности на жените и мажите е задолжителен дел на структурата на стратешкиот план.

Марија Савовска даде забелешка на содржината и временската рамка за усвојување на Годишниот извештај за Стратегијата 2013-2020 со барање истиот во иднина да се усвојува од Владата да се доставува во Собранието најдоцна до јуни во тековната за претходната година, следејќи ги процесите на годишно информирање . Заклучок:

-Се задолжува МТСП да достави допис до сите министерства во кој ќе ја нагласи обврската и важноста од вклучување на родовата перспектива во политиките, стратешките планови и буџетите. Имплементацијата на стратешките документи од областа на родовата еднаквост придонесува кон остварување приоритети и овозможување на еднакви можности на жените и мажите во сите области на општественото живеење.

Точка 5

По оваа точка, Координаторката даде кратка информација до каде е процесот на донесување на Акцискиот план за имплементација на Истанбулската конвенција 2018-2023 година.

Анета Петровска Русомароски сподели информација за посетата на Меѓународен институт за истражување за жени

Заклучок:

- Да се достави Акцискиот план за импементација на Истанбулската конвенција до сите членови на ИРГ
- До Интер ресорската група да се достави анексот који беше составен дел на Годишниот извештај за преземени активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во РМ за 2017 , со препораки за 2019 година.

Седницата заврши во 15:30 часот.

Кординатор на ИРГ

Јована Тренчевска

Подготвил: Габриела Маџоска